| ПРАВИЛНИК ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА И НАДЗОР | Шифра на документ: ПР 7.4/1 |
| --- | --- |
| | Издание на документ: 10 |
| | Примена од: 16.02.2026 |

## Содржина


8.2 1 ВОВЕД ....3

8.3 2 КРАТЕНКИ И ДЕФИНИЦИИ ....3

8.4 3СЕРТИФИКАЦИЈА НА ПРОИЗВОДИ / КОНТРОЛА НА ФАБРИЧКО ПРОИЗВОДСТВО ....4

8.5 3.1 Критериуми за сертификација / измена на критериуми ....4

8.6 3.2 Пренесување на сертификацијата ....4

8.7 3.3 Непристрасност, независност ....5

8.8 3.4 Доверливост ....5

8.9 3.5 Одговорни лица и раководство Евро Консалтинг Сертификација ....6

8.10 3.6 Подрачје на сертификација, клиенти од РСМ и странство ....6

8.11 3.7 Место на оценување ....6

8.12 3.8 Јазик на сертификација ....7

8.13 3.9 Трошоци за сертификација ....7

8.14 3.10 Информации ....7

8.15 4. СЕРТИФИКАЦИОНА ШЕМА ....8

8.16 4.1 Иницијатива ....8

8.17 4.2 Пријава за сертификација ....8

8.18 4.3 Евалуација на сообразност ....10

8.19 4.4 Одлука за доделување на сертификација ....13

8.20 5. НАДЗОР ....14

8.21 5.1 Општи одредби ....15

8.22 5.2 Тип на надзорен преглед ....15

8.23 6. УПРАВУВАЊЕ СО СЕРТИФИКАТ ....18

8.24 6.1 Повторна сертификација ....18

8.25 6.2 Проширување на подрачјето на сертификација ........ 18
8.26 6.3 Измени условени со законската регулатива ........ 18
8.27 7. ОДГОВОРНОСТ И ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ НА СЕРТИФИКАЦИЈАТА ........ 19
8.28 7.1 Обврски на клиентот / корисникот на сертификатот ........ 19
8.29 7.2 Повикување на статусот на носителот на сертификација ........ 20
8.30 7.3 Обврски на Сертификационото тело ........ 21
8.31 8. НАМАЛУВАЊЕ, СУСПЕНЗИЈА ИЛИ ПОВЛЕКУВАЊЕ НА СЕРТИФИКАЦИЈА ........ 21
8.32 8.1 Доброволно смалување или суспензија ( по барање на клиентот ) ........ 21
8.33 Присилно смалување или суспензија ........ 21

## 1. ВОВЕД

**ЕВРО КОНСАЛТИНГ СЕРТИФИКАЦИЈА** е сертификациско тело коешто врши сертификација на градежни производи и управува со работата при надзор и испитување на градежни производи, при што има комплетна одговорност за спроведување на процедурата за сертификација и одржување на сертификатите на клиентите со кои има склучено договор.

**ЕВРО КОНСАЛТИНГ СЕРТИФИКАЦИЈА** сертификацискиот процес го врши независно и непристрасно исполнувајќи ги критериумите на Стандардот МКС EN ISO/IEC 17065:2012.

**КОНТАКТ:**

ЕВРО КОНСАЛТИНГ СЕРТИФИКАЦИЈА
ул. Петко Јанчески бр. 41а
1000, Скопје, Р. Северна Македонија
тел.: +389 2 2455 498
e-mail: info@euroconsult.com.mk
http://euroconsult.com.mk
Управител на Евро Консалтинг ДОО: М-р Марјан Иванов
моб.: +389 70 217 596
Раководител на Евро Консалтинг Сертификација: Ѓорѓи Догов
моб.: +389 76 484 835

Сертификационото тело Евро Консалтинг Сертификација претставува дел од организацијата Евро Консалтинг ДОО. Организацискиот дел Евро Консалтинг Сертификација постои и функционира со една и единствена цел сертификација на градежни производи на организации кои се производители на производите кои се предмет на сертификација.
Евро Консалтинг Сертификација претставува акредитирано сертификационо тело од Институт за Акредитација на Р.Северна Македонија со Опсег на акредитација
прикажан во прилогот п 7.4.1/1 Подрачје на делување на Евро Консалтинг Сертификација.

## 2. КРАТЕНКИ И ДЕФИНИЦИИ

Основните дефиниции и термини коишто се користат во овој Правилник, се опишани во следните документи:

- МКС EN ISO/IEC 17065:2012

**СЕРТИФИКАЦИОНО ТЕЛО** – Флексибилна организациска целина (Евро Консалтинг) која ја сочинуваат: постојано вработен персонал како и именуван одговорен персонал за сертификација (евалуација)

**СЕРТИФИКАЦИЈА** – Постапка во која третата страна дава писмена гаранција дека производот е усогласен со утврдените барања специфицирани во нормативни документи како што се прописи, стандарди и технички спецификации
**СЕРТИФИКАЦИОНА ШЕМА** – Систем за сертификација кој се односува на специфицирани производи на кои се применуваат специфицирани барања, специфични правила и процедури

**ЕВАЛУАЦИЈА** – Утврдување дали е можно да се применат барањата на стандардот за мострирање, испитување, контролирање и надзор, потреба за дополнителни информации (пр. дали се испитувањата во опсег на акредитација) за да се добијат дополнителни информации за тоа дали предмет за оценување или неговиот примерок е во согласност со специфицираните барања на стандардот за тој производ.

**Жалба** – поднесено барање за повторно разгледување на предметот кој бил предмет на приговор во однос на некоја одлука на ЕВРО КОНСАЛТИНГ СЕРТИФИКАЦИЈА поврзана со предметот на сертификација во организацијата.

**Приговор** – против активност на ЕВРО КОНСАЛТИНГ СЕРТИФИКАЦИЈА или на организацијата поврзана со доделувањето на сертификатот за предметот на сертификација во организацијата.

## 3. СЕРТИФИКАЦИЈА НА ПРОИЗВОДИ / КОНТРОЛА НА ФАБРИЧКО ПРОИЗВОДСТВОТО

### 3.1 Критериуми за сертификација / измена на критериуми

Процесот на сертификација и одржување на сертификацијата Евро Консалтинг Сертификација ја спроведува согласно барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17065:2012.

Евро Консалтинг Сертификација е обврзан да правовремено го известува клиентот за измените на сертификационите критериуми ( промена во сертификациски шеми, стандарди и сл.) и да одреди рок во кој измените треба да бидат применети, потоа да се спроведува надзор на тие измени во производите и процесите кај клиентот. Ако до истекување на рокот клиентот не спроведе и не примени измени, рокот на важење на сертификацијата шема да биде продолжен. Во такви случаи сертификацијата привремено прекинува ( се суспендира ) или повлекува ( може и на барање на клиентот ).

### 3.2 Пренесување на сертификацијата

Доколку клиентот го промени сопственикот, сертификацијата може да биде пренесена на новиот сопственик по услов да:

- Новиот сопственик ја прифати и потврди политиката за квалитет и системот за управување со квалитет.

- Именуваното / одговорното лице и клучното лице останат непременети
- Процедурите да останат исти
- Релевантниот простор и опремата да останат исти

При тоа не се менува планот за спроведување на надзорни прегледи.

## 3.3 Непристрасност, независност

Евро Консалтинг Сертификација обезбедува своја непристрасност и независност во процедурите преку:

- процедурата за менаџирање на непристрасност,
- процедурата за доверливост,
- процедурата за евалуација, сертификација и надзор

Услугите на Евро Консалтинг Сертификација се достапни на сите Клиенти во подрачје на дејствување за кое е овластен.

Непристрасност и независност се обезбедува со начинот на организирање и функционирање на Евро Консалтинг Сертификација во согласност со точка 5.2 од стандардот МКС EN ISO/ IEC 17065:2012, кое е именувано од Управителот на Евро Консалтинг на предлог на одредени државни органи, установи и/или здруженија. Евро Консалтинг Сертификација спроведува оценување со непристрасни и независни членови на тимот за сертификација.

Тоа се осигурува со реализација на Политиката и целите за квалитет, со запознавање на сите членови на тимот за сертификација со барањето за непристрасност и независност, со потпишување на Изјава за непристрасност, независност, интегритет, со непостоење судир на интереси како и други соодветни начини (Одлуки на Раководителот на Евро Консалтинг Сертификација).

Евро Консалтинг Сертификација спроведува постапки за надзор на недискриминаторски и објективен начин, а препораките во врска со сертификација (преиспитување и носење на Одлуки) ги носат лица кои што не учествувале во оценување на сообразноста.

## 3.4 Доверливост

Доверливите информации, добиени во тек на постапката за сертификација, именуваната / одговорната особа не смее да дозволи да бидат достапни на трети лица, без пишана согласност на клиентот.

Во случај кога постои законска обврска за објавување на такви информации, заинтересираната страна ќе биде известена за тоа во писмена форма. Таков случај се однесува на известување на национално акредитационо тело ИАРСМ, односно ресорното Министерство за доделување на сертификат, за повлекување на сертификацијата, кога тоа е соодветно.

Именуваното /одговорно лице на Евро Консалтинг Сертификација се обврзува на чување на доверливост на документацијата и податоците на клиентот со потпишување на договор за работа и потпишувајќи посебни изјави.

### 3.5 Одговорни лица и раководство Евро Консалтинг Сертификација

Одговорните лица се запознати и тоа го докажуваат со потпишување на изјава:

- со постапките за управување со системот за квалитет од документите Евро Консалтинг Сертификација  Прирачник за квалитет и документите кои му припаѓаат.
- Со опсегот на своите овластувања и одговорности
- Со обврска за запознавање на Евро Консалтинг Сертификација со своите директни / индиректни, сегашни и / или претходни врски со клиентот или со проектантот на предметот на сертификација.

Документацијата на сертификационата постапка е достапна само на назначените одговорни лица за Евро Консалтинг Сертификација, а се чува на сигурен начин. Пристапот до простории на Евро Консалтинг Сертификација е надгледуван, а корисниците на услугата и посетителите достапен и престој во просторијата на Евро Консалтинг Сертификација  единствено со присуство на постојано  вработено лице.

### 3.6 Подрачје на сертификација, клиенти од РСМ и странство

Евро Консалтинг Сертификација прифаќа *Пријава/Барање за Сертификација* од секој клиент, било да се работи за производувач на производи во РСМ или надвор од РСМ во областа на својата активност и овластувања.

Пријавата се поднесува за градежни производи / групи на производи за кои клиентот смета дека може да докаже усогласеност, а исполнува на одреден образец. Со договарање ( разбирање за сертификација ) се уредуваат меѓусебните обврски пред почеток на сертификацијата. Измени како намалување на подрачјето на сертификација, во тек или на крај на сертификацијата нема да се прифатат, посебно ако таквото барање се базира на негативен резултат од оценувањата.

### 3.7 Место на оценување

Во почетниот преглед, покрај оценување на место на производство, оценување може да се спроведе и на други локации, ако тие локации се важни за подрачјето на сертификација, на пр. Ако процесот е од надворешна ( outsource ) компанија, лабораториско испитување на друга локација. За надзорен преглед, однапред се договараат места на кои се спроведува оценување.

## 3.8 Јазик на сертификација

Сертификатот за усогласеност мора да биде напишан на службениот јазик на Република Македонија, а по барање на клиентот и на англиски јазик.

Службен јазик во спроведување на постапката за сертификација е Македонски јазик. Ако оценувањето се спроведува за производувачи надвор од РМ за разбирање по правило се користи Англиски јазик.

Во склад со договорот обавезно поедини делови од документацијата може да бидат доделени и издадени на англиски јазик.

По потреба во процедурата може да се вклучи преведувач или друго стручно лице кое ќе обезбеди коректен превод. Ако е потребно да се преведе дел од документацијата на клиентот, самиот клиент мора да го обезбеди, што е предмет на договор.

## 3.9 Трошоци за сертификација

Трошоците ги сноси клиентот. Трошоците се одредени со ценовник и понуда на Евро Консалтинг Сертификација односно договор.

## 3.10 Информации

На клиентот и на другите заинтересирани страни, корисници на услуга на Евро Консалтинг Сертификација, достапни се сите важни информации за постапките на сертификација, а важни документи се наоѓаат на интернет страницата на Евро Консалтинг.

На Web страната на Евро Консалтинг Сертификација може да се најдат следните документи:

- Пријава за сертификација
- Правилник за сертификација и надзор
- Процедура за постапување по жалби и приговори
- Регистар на издадени сертификати
- Образец за поднесување жалби и приговори

После секоја промена на документи се врши ажурирање на Web страната. Раководителот на Евро Консалтинг Сертификација има задолжение да врши проверка на Web страната секој

месец, дали има промена во документацијата и дали Web. страната е ажурирана со последните изданија на документите.

## 4. СЕРТИФИКАЦИОНА ШЕМА

### 4.1 Иницијатива

Клиентот заинтересиран за сертификација треба да го извести Евро Консалтинг Сертификација за намерата во пишана форма ( пошта, факс, е-маил ) усмено ( телефон ) или со директна посета.

**Информативен состанок**

Пред поднесување на пријава на иницијатива на клиентот или Евро Консалтинг Сертификација може да се организира информативен состанок, за да клиентот се запознае со критериумите за сертификација.

**Документи за реализација**

Во рок од 8 дена после покренување на иницијатива за сертификација, односно одржаниот информативен состанок, Евро Консалтинг Сертификација доставува до клиентот образец: ПРИЈАВА за сертификација на градежни производи, Јавно достапни информации на ЕКС (Правилник за сертификација и надзор, Процедура за постапување по приговори и жалби), Упатство за користење на сертификациона шема и Список на потребни документи од клиентот (документација согласно опсегот на сертификација) за сертификација на градежни производи.

### 4.2 Пријава за сертификација

Пријавата ја поднесува клиент кога може да покаже докази дека поседува документиран, применлив и одржуван систем за управување со производство, базиран на применлив стандард и други документи (список на документација со Пријава за сертификација на градежни производи).

**Пријавата ја прифаќа Раководителот на Евро Консалтинг Сертификација**

Пополнетата Пријава треба најмалку да содржи:

- Основни податоци за производот кој ќе биде сертифициран и конечна намена на производот;
- Стандарди и / или други нормативни документи према кои клиентот бара сертификација;
- Основни податоци за клиентот ( назив и адреса ( адреси ), физичка локација, процеси и активности) ;

Во случај кога клиентот идентификува друг правен ентитет кој произведува сертифициран производ,тогаш Евро Консалтинг Сертификација воспоставува соодветен договорен однос со тој правен ентитет пред поднесување на званичната документација за сертификација.

Ако се работи за проширување на сертификацијата за друга производствена постапка Пријавите треба да се повторат на исти начин како за првиот производ.

**Преиспитување на пријавата:**

Евро Консалтинг Сертификација спроведува постапка за преиспитување на пријавата како би осигурало:

- Дека информациите за клиентот и производот се валидни за спроведување на процесот на сертификација;
- Дека сите разлика на релација клиент / Евро Консалтинг Сертификација се разрешени;
- Дека е дефиниран предмет и подрачје на бараната сертификација;
- Дека има расположливи средства за спроведување на сите активност на вреднувања;
- Ресурси за спроведување на сертификација.

Доколку Евро Консалтинг Сертификација не може да ја прифати Пријавата, ако подрачјето е надвор е подрачјето на делување или поради некои други причини, клиентот за тоа ќе биде известен, а сите документи вратени.

**Документи со пријавата**

Евро Консалтинг Сертификација ја оценува валидноста и содржината на документите со Пријавата; Во случај на непотполност на Пријавата, бара додатни податоци, документи и друго, пред покренување на постапката за сертификација.

Во случај примедбите да се во врска со обемот, содржината и / или валидноста на документите ( кон Пријавата ), тие примедби мора да бидат отклонети за да отпочне процесот на сертификација.

**Договор за сертификација**

После отстранување на сите евентуални неусогласености и разрешување на разликите за разбирање на шемата за сертификација и други информации во врска со производот, Евро Консалтинг Сертификација потпишува договор за сертификација со клиентот.

### 4.3 Евалуација на сообразност

**Именување на Тим за проверка и евалуација**

Раководителот на Евро Консалтинг Сертификација донесува одлука за именување на Тим за проверка и евалуација. Тимот за проверка и евалуација според потребите може да го сочинува и само еден член. Проверувачи се водачот и членовите на Тимот за проверка и евалуација. Во групата на проверувачи може да бидат и членови на сертификационото тело кои се наоѓаат во процедурата на практичниот дел на обука на проверувачите. Исто така се назначува и лице кое ќе изврши преиспитување на целокупната документација и сите инфорнмации кои се добиени при проверката.Истото не учествува во процесот на проверка кај клиентот а согласно матрицата на компетентност се компетентно за носење на одлука за доделување на сертификат за контрола а фабричко производство за производителот.

Проверувачите се обврзани да ги задоволат барањата за непристрасност, независност и чување на тајност и доверливост на документите и податоците до кои ќе дојде во постапката за оценување, што го потврдуваат со потпис на соодветните изјави.

Клиентот има право да стави образложена примедба кон формираниот тим. Сертификационото тело ја разгледува примедбата и ако оцени дека е оправдана, именува други членови. Ако оценката е неоправдана, а клиентот и понатаму инсистира на примедбата тоа се смета за жалба и се покренува постапка во склад со Процедурата за решавање на приговор и жалби.

**Евалуација на документи**

Се утврдува усогласеноста на документите и записите со барањата на соодветната техничка спецификација, прописи и правила на сертификација.

**Евалуација на Лабораторија на производителот**

Критериум за прифаќање на лабораторија на производителот:

1. Производителот поседува сопствена лабораторија

Евро Консалтинг Сертификација врши евалуација за оспособеност на лабораторијата на производителот согласно:
Специфичните барања на стандардите – спецификации на производот
Упатството за употреба на сертификационата шема за производот

Планот за сертификација.

При тоа се проверува:

- Услови во лабораторијата
- Опрема за испитување
- Компетентност на персоналот
- Документација од системот за управување на лабораторија
- Записи со кои се потврдува довербата во резултатите од испитувањата

Евалуацијата ја врши водачот на тимот или проверувачи кои се компетентни за вршење на евалуација.

2. Производителот користи услуги на надворешна лабораторија

Надворешната Лабораторијата може да биде:

- Акредитирана согласно стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018 и сите лабораториски испитувања кои ги врши за клиентот се опфатени со опсегот на акредитација.

За акредитиранаата лабораторија не се врши евалуација на оспособеноста ( се подразбира дека ги задоволува барањата за компетентност согласно МКС EN ISO/IEC 17025:2018).

- Акредитирана согласно стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018, , а методите за тестирање за производот кој се сертифицира не се во опсегот на акредитација.

- Не е акредитирана (согласно стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018).

Во овие случаи се врши проверка за оспособеноста на лабораторијата.

Оспособеноста на лабораторијата за овие случаи ќе опфати евалуација на:

- Услови во лабораторијата
- Опрема за испитување
- Компетентност на персоналот
- Документација од системот за управување на лабораторија
- Записи со кои се потврдува довербата во резултатите од испитувањата

Согласно:

Специфичните барања на стандардите – спецификации на производот
Упатството за употреба на сертификационата шема за производот

Планот за сертификација.

Евалуацијата ја врши водачот на тимот или проверувачи кои се компетентни за вршење на евалуација.
Евро Консалтинг Сертификација во Ф 7.4/3 План на серификација дополнително ќе ги дефинира локацијата и временскиот рок за проверка и евалуација на лабораторијата.

Останатите елементи и принципи на проверка и евалуација на надворешната лабораторија како поддоговарање, доверливост, непристрасност и објективност се опишани во ПК 8.2/1 Прирачникот за квалитет и ПР 7.4/1 Правилникот за сертификација и надзор.

**Евалуација на клиентот / производителот**

Дел од процедурата за сертификација која се спроведува и соодветната техничка спецификација за производ, почитувајќи ги барањата на стандардот МКС EN ISO 19011:2012 Упатство за проверка на системи за менаџмант. Ова постапка се спроведува во три фази.

**1.Воведен состанок**: се утрдува план за оценување и конечно подрачје на оценување кое понатаму не смее да се менува.

**2. Проверка и евалуација**: Клиентот мора да им овозможи на проверувачите увид во сите релевантни документи, должен е да овозможи пристап во сите простории во врска со бараните подрачја за сертификација, потоа контакти со лицата вклучени во постапката опфатена со вреднување. Ако се утврди дека подготвеноста не е доволна, одлуката на водачот на сертификационото тело оценувањето може да премине во предоценување.

**3. Завршен состанок**: Сертификационото тело го известува клиентот за резултатите од евалуацијата, што вклучува утврдени несообразности, ако ги има, потоа препораки ако е применливо.

Заклучокот од евалуација е извештај кој се доставува на лице место, а клиентот го потврдува со потпис или извештајот може да се достави и отпосле но најкасно 14 дена после завршното оценување. Клиентот има право да не го потпише извештајот и да приложи жалба до Евро Консалтинг Сертификација.

Во случај да во текот на евалуацијата се утврдени несообразности, а клиентот искаже интерес да продолжи со процесот на сертификација, рокот за нивно отстранување се договара, но не подолго од 90 дена. Водачот на тимот на проверка има обврска да достави информации за дополнителни евалуации кои се потребни како би се корегирале несообразностите.

## 4.4 Одлука за доделување на сертификат

Одлуката се донесува низ неколку фази:

**Претходни активности:**

Во договорениот рок клиентот има побрска да го извести сертификационото тело за отклонување на неусогласеностите и да достави докази дека договорените корективни мерки се спроведени. Тимот од проверувачи ја утврдува валидноста на спроведените корективни мерки. Утврдување на ефикасноста на корективните мерки може да вклучи и дополнителна посета на клиентот чии трошоци мора да се надокнадат.

Доколку неусогласеноста не се отстрани во рок од 90 дена, постапката се прекинува и може повторно да се обнови единствено со поднесување на нова Пријава. Нова Пријава може да се поднесе после 3 месеци од денот на прекинот на постапката.

**Предлог на Тимот за проверка**

Врз база  на резултатите од евалуацијата и извештајот за евалуација на почетниот преглед на производство, евалуација на контрола на фабричкато производство, како и завршната постапка со корективни мерки, водачот на тимот доставува предлог за издавање на сертификат.

Во предлогот влегуваат следните опции:

- Сертификатот да се издада;
- Сертификатот да не се издаде.

**Одлука за издавање сертификат**

Согласно доставената документација од почетниот преглед на контрола на фабричко произовдство:

- Прирачникот за квалитет и процедури
- Документи за определување на тип на произовод
- Компетентност на персоналот и дадениот предлог од тимот на проверувачи за одлучување по сертификацијата, Техничкиот оценувач кој е назначено од Раководителот на ЕКС кој ја проверува доставената документација, носи Одлука за издавање на сертификат.

**Сертификат**

Сертификат за сообразност на производот ( систем за потврдување 1+ ) се однесува на еден производ, а сертификат за сообразност на контрола на фабричко производство FPC ( систем 2+ ) може да се однесува на повеќе производи, а списокот на производи е во прилог на сертификатот.

Сертификатот се доставува до клиентот после подмирување на сите трошоци за сертификација. Сертификатот има рок на важење до отповикување на истиот.

Во склад со соодветната техничка спецификација за производ, согласно сертификационата шема се оценува валидност на сертификацијата по пат на надзор и / или контролно испитување на случаен примерок.

За одлуката, да постојат услови за доделување или не, или позитива одлука се однесува само на дел ( одредени, а не сите производи ) од обемот на сертификација на производите. Сертификационото тело го известува клиентот. На одлуката може да се поднесе жалба.

**Изјава за сообразност**

Клиент / носител на сертификат врз база на добиениот сертификат издава изјава за сообразност која не се повлекува додека сертификатот е валиден. Изјава за сообразност на клиентот потврдува дека се спроведени сите работни, одредени за оценување усогласености, дека е докажана усогласеност со техничката спецификација.

**Регистар на издадени сертификати**

Сертификационото тело води и одржува регистар на издадени сертификати кој е јавно достапен на интернет страницата на сертификациското тело.

Регистарот содржи идентификација на клиентот ( Име и адреса, лице кое го става производот во продажба, назив на производот, техничка спецификација по која е сертифициран производот, број на сертификатот и датум на издавање, статус на документот и др. ).

**Документација за сертификацијата**

Во рокот на важност на сертификацијата во сертификационото тело се чува формална документација во врска со сертификацијата. Клиентот има обврска да ги доставува сите податоци за евентуални промени, приговори, жалби на купувачите, налози од инспекциски органи и други податоци важни за потврдување.

## 5. Надзор

**5.1 Општи одредби**

Евро Консалтинг Сертификација спроведува надзор над производот односно надзор на контрола на фабричко производството FPC со цел да би се осигурала постојана валидност на покажаната исполнетост на барањата за сертифицираниот производ. Услов за одржување на сертификатот е трајно и потполно задоволување на сертификациските критериуми. Периодичен надзор на означените производи се спроведува во период од денот на издавање на сертификатот до денот на истекот на валидноста.

**5.2 Тип на надзорен преглед**

Евро Консалтинг Сертификација спроведува редовни надзорни прегледи и вонредни надзорни прегледи.

**Редовни надзорни прегледи**

Се спроведуваат по годишен план за надзор во обем кој го одредува водачот на тимот. Мора да се оцени секое барање од техничката документација на основ на која е и доделена серттификација.

Се спроведува во склад со барањата на техничката спецификација и критериумите за сертификација, после издавање на сертификатот. Рокот во кој треба да се спроведе редовен надзор е еден месец пред 6 /12 месечното планирано време за надзор.

Постапката за спроведување на редовен надзорен преглед воглавно е ист како и на првиот преглед и го спроведува еден од членовите на тимот за проверка. За редовниот надзорен преглед Сертификационото тело го известува клиентот / носителот на сертификацијата најкасно 7 дена пред планираниот рок.

Сертификационото тело може да бара доставување на соодветните документи и записи кои проверувачот ќе ги користи во рамка на припремата за оценка, ако самиот оцени да е тоа потребно.

Надзорниот преглед кај клиентот / носителот на сертификација освен барањата може секој пат да:

- Се оценува ефикасноста на спроведените корективни акции и / или други работни акции за отклонување на неусогласеностите востановени во текот на претходното оценување и / или надзорен преглед.
- Да се провери правниот статус и сопственички однос
- Да се оцени спроведувањето на внатрешната оценка ( интерен аудит ) и преиспитување од страна на раководството.

- Да се провери составот и статусот на лицата кои се вклучени во спроведување на сертификацијата
- Спрема утврдениот план, да се оцени спроведувањето на постапката за која е добиена сертификација;
- Вертикалниот аудит спроведува оценка на сите активности на фабричката контрола на производството ( на пр. Управување со документи, програм за обука и сл )
- Да се оцени ситуацијата и / или мерната опрема во однос на статусот на еталонирање, кога е применливо
- Следливост до национални и меѓународни еталони, учество во програми, меѓулабораториски споредбени испитување на оспособеноста.

Извештајот од редовниот надзорен преглед може да содржи и препораки за понатамошни активности ( на пр. Рок за следниот надзорен преглед и др.)

**Вонреден надзорен преглед**

Се спроведува врз основ на:

- Жалби / поплаки во пишана форма
- Промена која може да влијае на критериумите (промена на правниот статус, управување, промена на именуваните / одговорни лица, промена на постапка и др.)
- Пријава за обнова на валидноста на сертификатот со привремен прекин ( суспензија )
- Барање за проширување на подрачјето и обемот на сертификација.

Одлуката за спроведување на вонреден надзорен преглед го донесува Раководителот на Евро Консалтинг Сертификација на предлог на водачот на тимот на проверувачи.

Доколку се утврди оправданост жалба / поплака, трошокот за надзорот паѓа на терет на клиентот / носителот на сертификатот, во спротивно трошокот за надзор го плаќа оној кој поднел жалба / поплака. Во сите останати случаи од 2 и 4, трошоците ги сноси клиентот / носителот на сертификат.

**Предлог на Тимот од проверувачи**

Врз база  на резултатите од евалуацијата и извештајот од континуран или вонреден надзор кај производителот, како и завршната постапка со корективни мерки, водачот на тимот доставува предлог за продолжување на сертификатот на Техничкиот оценувач кој е назначено од Раководителот на ЕКС.

Во предлогот влегуваат следните опции:

- Сертификатот продолжува да важи се препорачува во пријавениот обем и подрачје;
- Опсегот на Сертификација се препорачува во намален обем и подрачје;
- Сертификатот се суспендира.

**Одлука за продолжување на валидноста на сертификатот.**

Согласно доставената документација од континуираниот или вонреден надзор:

- Извештај од континуиран надзор
- Промени во документација неѓу две проверки- Прирачникот за квалитет и процедури
- Документи од котрола на на опремата и калибрација на мерната опрема која подлежи на калибрација
- Компетентност на персоналот
- Документација од евиденција на влезни материјали неопходни во производниот процес како и евиденција на готовиот производ
- Лабораториска котрола на произоводот и даден предлог од тимот на проверувачи, Техничкиот оценувач кој е назначено од Раководителот на ЕКС носи одлука за продолжување на валидноста на сертификатот.

**5.3 Обезбедување доверба во земање на примероци и испитување**

Сертификационата шема за бетон предвидува земање на примероци кај производителот за да се обезбеди доверба во земањето на примероци и испитување кои ги врши производителот. Земањето и испитувањето на овие примероци се врши на секои 3 (три) месеци кај производителите без предходна најава. За таа цел Евро Консалтинг Сертификација ангажира Лабораторија како подизведувач која врши земање и испитување на случајно земени примероци кај производителот. Целата постапка за мострирање и евалуација на случјно земени примероци е опишана во
У 7.4/3 Упатство за мострирање и евалуација на случајно земени примероци.

Лабораторијата за оваа намена се избира согласно П 6.2.2/1 Процедурата за управување со екстерни ресурси.
После доделување на Сертификат за собразност на производител за бетон ЕКС до Лабораторита доставува

- Барање за мастрирање на случајно земени примероци со пополнување на формуларот Ф 7.4/19 Барање за мострирање и евалуација на случајно земени примероци
- Барање за испитување на случајно земени примероци со пополнување на формуларот Ф 7.4/19 Барање за мострирање и евалуација на случајно земени примероци.

На почетокот на годината Евро Консалтинг Сертификација пополнува образец Ф 7.4/18 Годишен план за земање случајно земени примероци. Истиот се доставува на Лабораторијата за испитување. Врз база на тој план ЕКС на образец на Лабораторијата за секое поединечно

испитување пополнува барање за испитување. Лабораторијата го реализира ова барање и доставува до ЕКС извештај од испитување на земените примероци. Проверувачот врз база на резултатите од испитувањата врши евалуација на резултатите од ова испитување и резултати од испитување на производителот и пополнува образец Ф 7.4/14 Резултати од испитување на случајно земени примероци-бетон. Истите се презентираат во Извештај од сертификациска проверка.

## 6. Управување со сертификат

### 6.1 Повторна сертификација

Сертификатот има важност до отповикување. Повторната сертификација се спроведува на начин како што се спроведува првата сертификација.

Повторна сертификација може да биде после трајно укинување на сертификатот или зголемено проширување на обемот и подрачјата на сертификација.

Одлуката за повторна сертификација се донесува на ист начин како кај донесување на првата одлука за сертификација.

### 6.2 Проширување на подрачјето на сертификација

Се спроведува на ист начин како и постапката за почетна сертификација. Пријава за проширување може да се предаде на сертификационото тело било кога, но препорака е да се спроведе во рамки на редовната надзорна проверка.

Пријавата нема да се прифати доколку не се отклонети порано утврдените неусогласеност или не се извшени обврси спрема сертификационото тело. Проширување на сертификацијата не влијае на рокот на валидноста на сертификатот.

Препорака за проширување на ја донесува водачот на тимот на проверувачи, на основа на прегледување и оценување на документите спроведени во постапката за сертификација. Одлуката за проширување на сертификација ја донесува раководителот на Евро Консалтинг Сертификација. На одлуката клиентот може да вложи жалба.

### 6.3 Измени условени со законската регулатива

Во случај на промена ( ново издание, ревизија ) техничката спецификација на која се повикува сертификацијата се спроведува постапка за имплементирање која се состои од:

- Набавка
- Анализа и евалуација
- Примена

- Обука на персоналот на Евро Коналтинг Сертификација
- Рокови на примена
- Известување на клиентите

Раководителот на ЕКС во формуларот Ф 7.4/13 Анализа на промени во нови изданија на Документи ги анализира промените во новите изданија на Стандардите, влијанието на промените врз процесот на сертификација на производот како и евалуација на можноста за примена на новото или ревидирано издание на документот во системот на Евро Консалтинг Сертификација и клиентите.

Евро Консалтинг Сертификација имплементацијата на новиот документ ја реализира во рок од 6 (шест) месеци.

Раководителот на Евро Консалтинг Сертификација со допис треба да ги извести клиентите за промена ( ново издание, ревизија ) на техничката спецификација како и во кој рок сертификациониот производ мора да биде усогласен со изменетите барања.

Во пропишувањето на тие рокови помеѓу останатото треба да се води сметка и за:

- Итност на усогласувањето со барањата за заштита и безбедност при работа и заштита на животната средина.
- Големина на залихата и можноста да клиентите се ускладат со променетите барања.
- Своите оперативни можности.

Прилагодувањето клиетот треба да го заврши во рок од 12 (дванаесет) месеци.

## 7. ОДГОВОРНОСТ И ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ НА СЕРТИФИКАЦИЈАТА

### 7.1 Обврски на клиентот / корисникот на сертификатот

Корисникот на сертификатот постојано и трајно се обврзува да се задоволуват сертификационите критериуми и во се да се постапува согласно пропишаните правила. Се бара:

- Непрекинато исполнување на барањата за подрачјето за кое се издава сертификатот што вклучува и прилагодување на измените на сертификационите критериуми.
- Пружање на потребната помош и соработка како би се овозможила проверка која ги исполнува сертификациските барања.
- Овозможува достапност на информации, документи и записи неопходни за оценување и одржување на сертификацијата.
- Овозможување достапност до документите на основ на кој се утврдува ниво / степен на независност и непристрасност на лицата кои се во системот за управување со квалитет.

- Организирање т.н witness аудит ( сведочење во работата ) на барање на сертификационото тело
- Почитување на барањата да начинот на употреба на сертификацијата нема да се наруши угледот на сертификационото тело
- Плаќање на трошоци за спроведување на сертификацијата како што е одредено со договорот.
- Почитување на обврските сертификационото тело да биде известено за сите важни промени во врска со сертификацијата во однос на: правни, комерцијални, сопственички или организационен статус, раководство и клучни лица, политика, ресурси, и локација, подрачје на сертификација, други прашања кои можат да влијаат на способноста во исполнување на критериумите за сертификација.
- Да се запознае сертификационото тело со сите приговори и жалби на сертификационите производ
- Да се чуваат сите записи за приговорите / жалби
- Превземени мерки за отклонување на причините за жалби
- Да се документираат превземените мерки и за нив да се извести сертификационото тело.

**7.2 Повикување на статусот на носителот на сертификација**

Дозволена е употреба на знакот за усогласеност ( симбол ) на документите во рамка на подрачјето на сертификација, сертификационото тело ќе превземе мерки / акции во цел осигурување на носителот на сертификација.

- Во потполност ги задоволува барањата за бараниот сертификационен статус, кога се повикува на сертификација преку интернет документи, комерцијални материјали.
- Знак за усогласеност ( симбол ) се користи само за локациите кои се наведени во сертификацијата
- Не дава изјави во врска со сертификацијата, кои би можеле да се сватат погрешно или како неосновани;
- Води грижа дека Изјавата за усогласеност или друг документ не бидат издадени така што би навеле на погрешно толкување.
- Во случај на суспензија или повлекување на сертификацијата да прекине со употреба на знакот за усогласеност.

Ако дојде до некоректно познавање на статусот или непримерна употреба на знакот за усогласеност, сертификационото тело ќе превземе адекватни мерки: барање за корективна акција, суспензија или повлекување на сертификацијата, или друга постапка дефинирана со документот. Правила за користење на сертификатот и знакот за усогласеност.

### 7.3 Обврски на Сертификационото тело

Телото за сертификација се обврзува дека во постапката за спроведување на сертификација и одржување ќе обезбеди:

- Спроведување на сите постапки во согласност со утврдените правила
- Ограничување на тимот за проверка активностите на оценка ниво / степен на усогласеност со критериумите за сертификација;
- Независност и непристрасност на лицата кои ќе учествуваат во сертификацијата.
- Јавно достапни информации за статусот на сертификатот, редовно ажурирано.
- Информации за следливост на резултатите во однос на подрачјето на сертификација;
- Правовремено известување за сите промени на критериумите на сертификација;
- Информации за меѓународна соработка во која сертификационото тело е вклучено

## 8. НАМАЛУВАЊЕ, СУСПЕНЗИЈА ИЛИ ПОВЛЕКУВАЊЕ НА СЕРТИФИКАЦИЈА

### 8.1 Доброволно смалување или суспензија ( по барање на клиентот )

Клиентот може да бара привремена суспензија на важноста ( валидноста ) на сертификацијата, за целото подрачје на сертификацијата или дел од подрачјето на сертификација ( смалување на опсегот на сертификација ). Траење на суспензијата / смалувањето на опсегот на сертификацијата е најмногу 6 месеци. Ако до тој рок не се стекнат услови за прекин на суспензијата, сертификацијата ќе биде повлечена во делот за кој е барана суспензија. Суспензијата може да се прекине единствено после спроведената постапка за евалуација.

### 8.2 Присилно смалување или суспензија

Кога ќе се утврдат битни неусогласености во текот на редовната или вонредната проверка или со некоја друга постапка истите можат да условат суспензија или смалување на опсегот на сертификацијата.

Суспензија на сертификатот се реализира кога производителот не постапил по констатираните несообразности при континуиран надзор или вонредна проверка, не ги подмирил финансиските обврски кон ЕКС.

Воколку во период од 6 (шест) месеци производителот нема производство и лабораториски испитувања за одреден производ кој е опфатен со процесот на сертификација и е во прилогот на сертификатот, следи намалување на опсегот на сертификација за тој производ.
Кога производителот повторно ќе почне со производство и лабораториска контрола на производот кој е предходно опфатен со смалување на опсегот на сертификација, постапката е иста како точка 6.2 од овој прирачник –проширување на опсегот на сертификација.

Присилна суспензија трае најмногу 6 месеци а може да се укине единствено после спроведена постапка за оценување. Ако во овој рок не се стекнат услови за укинување на суспензија, следи трајно повлекување на сертификатот. Време на траење на суспензијата не влијаат на рокот на важење на сертификацијата. Раководителот на сертификационото тело, го известува клиентот за суспензија на сертификатот.

**Измени условени со законската регулатива**

Во случај на промена ( ново издание, ревизија ) техничката спецификација на која се повикува сертификацијата сертификационото тело е обврзано да ги извести клиентите во кој рок сертификациониот производ мора да биде ускладен со изменетите барања.

| **Изработил:** | **Одобрил за употреба:** |
|---|---|
| ______________________________ | ______________________________ |
| **Менаџер за квалитет на ЕКС** | **Раководител на ЕКС** |